SOCOTAB

Leaf tobacco

| Назив | ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ | | страница 1 од 2 |
|---|---|---|---|
| Тип на документ | Политика за одржливост на Групацијата | Документ бр. | |
| Ревизија бр. | | Важи од: | |
| Составен од: | МГА | Одобрена од: | |

| | |
|---|---|
| 1. ЦЕЛ | Сокотаб Групацијата има фундаментална одговорност кон нејзините партнери за исполнување на високи стандарди во заштитата на животната средина за поддршка на одржливо работење. |

| | |
|---|---|
| 2. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНОТ И СО ЕКОЛОГИЈАТА | Согласно нашата Политика за заштита на животната средина, Сокотаб се обврзува на управување со водите преку следење на своите активности во индустријата и во синџирот на снабдување и преку соработка со партнерите од синџирот на снабдување за примена на стратегии што ефикасно ја управуваат употребата на водата низ нивното работење и синџир на снабдување. |

| | |
|---|---|
| 3. ПРИНЦИПИ | Во нашето работење водата се користи за кондиционирање на тутунот за долго чување, а е неопходна и во нашиот синџир на снабдување за одгледување на тутун и на други земјоделски производи. Разбирањето на глобалните еколошки ризици и на приликите е клучно за одржувањето на нашите заложби кон заедниците во кои работиме.<br><br>За Сокотаб управување со водите значи користење на водата што е социјално и културно рамноправно, еколошки одржливо, економски исплатливо и се постига низ процес на повеќе засегнати страни. Како што се обврзува да ги снабдува нашите производи на начин меѓународно препознатлив и одржлив, веруваме дека водените ресурси треба да се менаџираат на ефикасен начин и понатаму да ги поддржуваат екосистемите и да ја одржуваат социјалната и културната рамнотежа.<br><br>Во нашето работење се обврзуваме да го оптимизираме нашето користење на водата и да изнаоѓаме начини за намалување на нашето влијание. Ова опфаќа мерење на водата низ нашиот синџир на снабдување и откривање на можности за повторна употреба на водата и рециклирање. Работиме со локалните власти и со другите засегнати страни ширум светот да се усогласиме со барањата за третман на водата и ја прошируваме нашата збирка на податоци за да дојдеме до сеопфатна слика за нашето влијание врз водата. Исто така веруваме во пристап до вода за нашите вработени и оние во нашиот синџир на снабдување и сме посветени да ги сфатиме социјалните ризици за водата покрај оние во нашето работење.<br><br>Сокотаб се посветува на откривање можности за оптимизирање на потрошувачката на вода, на работење со нашите добавувачи за примена на Добрите земјоделски практики, идентификација на ВАСХ ризиците во нашиот синџир на снабдување и во примена на најдобри практики при јавното обзнанување на нашиот напредок кон овие заложби. Ќе ангажираме разни засегнати страни да нè поддржат во постигнувањето на овие цели. |

| | |
|---|---|
| 4. ЛОКАЛНО РАБОТЕЊЕ | Врз основа на конкретните работни средини како и важечките ИСО стандарди нашите локални тимови ќе развиваат политики и програми погодни за локалната |

| | |
|---|---|
| | работна средина, ќе стават на располагање организациски ресурси и ќе ја едуцираат нашата работна сила да се придржува на важечките закони, на Кодексот за однесување на Сокотаб и другите политики за усогласеност и на оваа Политика за управување со водите. |

| | |
|---|---|
| **5. РЕВИЗИЈА** | Извршниот тим на Сокотаб редовно ќе ја прегледува оваа политика и ќе ја изменува кога ќе биде потребно. |